| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Буба Мара |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Вежби за правилно дишење.<br>Вежби за активирање на детската мусксулатура.<br>Вежби за правилно миење на рацете и одржување на хигиената. |
| **Активности** | Активноста ја започнувате со разговор и опишување на бубамарата. Потоа детето ја слуша песната што претходно ја има научено за „Буба Мара“ од детскиот фестивал Поточиња 2010 г. Го потикнувате да се движи во согласнот со ритамот и темпото на песната,според зборовите од самиот текст на песна. На пр.кога во текстот се пее делот<br>„ Летни, летни Буба Маро фати сончев зрак... “- детето ги поставува рацете како крилцата на бубамарата и летка итн. Потоа клекнува, станува, се врти во круг и сл.со едноставни движења прилагодени на возраста на детето. На крајот од активноста го пофалувате детето што учествува самостојно и се движи според однапред одредена кореографија на позната песна и со тоа ја јакнете детската самодоверба. Доколку пројавува интерес детето, можете да му понудите да бои во контура „Буба Мара“ со восочни боички или да моделира од пластелин „Буба Мара“. |